## Слободен изборен предмет: Религиите во светот
## Учебна 2023/2024 година

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА |
|---|

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Религиите во светот** |
| **Изготвил** | **М-р Билјана Шотаровска** |
| **Училиште** | **ООУ “Блаже Конески„ Аеродром, Скопје** |
| **Вид/категорија наставен предмет** | **Слободен изборен предмет** |
| **Одделение** | **VI** |
| **Број на часови** | **36** |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (компјутер, паметна табла, таблети, дигитален фотоапарат, печатач или други дигитални уреди)<br>• Интернет (линкови/врски, веб страници)<br>• Средства и материјали за цртање (тетратки, хамери, молив, дрвени боици, фломастери и друго)<br>• Средства и материјали за истражување (енциклопедии, прирачници, работни листови)<br>• Нагледни средства (кратки видео записи, фотографии, списанија, книги, постери, апликации, илустрации, проспекти и сл.) |

### ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје: **V. ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина) |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции и од следното подрачје: **VI. ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-A.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите што ги застапуваат |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |

## Резултати од учење

| **Тема 1: ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА** |
|---|
| **Знаења/вештини** |
| • Сфаќа дека религијата е потреба на луѓето<br>• да идентификува дека не постои ниту една човечка заедница во која не постојат одредени религиозни верувања и обичаи<br>• Разбира дека религијата настанува и од човековата немоќ да ги осознае природните сили и да владее со нив<br>• Сфаќа дека религијата произлегува од човековата ограниченост и неговиот копнеж по вечното<br>• да сфати дека злоупотребата на религијата може да доведе до конфликти помеѓу припадниците на различни религии<br>• може да ја препознае моралната димензија на религијата |
| **Ставови и вредности** |
| • Ја почитува потребата на луѓето за нивно верско определување<br>• Прифаќа дека во секоја човекова заедница има одредени религиозни верувања и обичаи<br>• Разбира дека покрај верници постојат и луѓе кои не веруваат во бог/богови<br>• Има критички став дека, помеѓу другото, човековата немоќ да ги спознае природните сили и природните закони довела до појава на религиозни верувања<br>• Ја почитува важноста на религијата како алатка која му помага на човекот да се соочи со својата ограниченост |

| |
|---|
| • Ја осудува злоупотреба на религијата како извор на поделби и конфликти меѓу луѓето<br>• Поддржува активности кои ја истакнуваат и промовираат моралната димензија на религијата |

| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери за активности** |
|---|---|
| • Поим за религија<br>(Религија. Религиозност. Политеизам. Монотеизам. Атеизам. Бог)<br>-број на часови: 2 | • Учениците се поттикнуваат да кажуваат поими или идеи кои ги асоцираат на поимот религија. Нивните асоцијации се забележуваат на табла. Со поврзување на искажаното треба да се дојде до заклучок дека религијата е поврзување на човекот со нешто натприродно, невидливо, моќно, кое му помагало да го надмине стравот и немоќта која ја чувствувал во однос на природата околу него. Учениците потоа се делат во групи во кои треба да истражуваат што е тоа што му било непознато на првобитниот човек, кога и зошто човекот чувствувал опасност, страв, радост, осаменост или среќа од непознатото.<br>Учениците преку примерите кои ги наведуваат треба да откриваат дека верувањето во натприродното или религиозноста му помагала на првобитниот човек да се соочи со тешкотиите на кои наидувал и му давало надеж за полесно да ги надмине.<br>• Учениците поделени во групи истражуваат според однапред подготвени материјали и дадени насоки од наставникот за тоа какви верувања постоеле кај различни народи во минатото и денес. Една група открива што ги карактеризира политеистичките, втората група кои се карактеристики на монотеистичките верувања. Третата група открива како го нарекувале натприродното суштество во кое верувале луѓето во различни религии. Во четвртата група откриваат дека постојат луѓе кои не веруваат во бог или богови. Ги презентираат заклучоците од групите, дискутираат и доаѓаат до сознанија за различните видови религиозност, како и за изборот да не се верува во бог или божества. |
| • Настанување на религиските верувања<br>(Човек. Природа. Природни сили. Човековиот стремеж за надминување на сопствената конечност-бесмртност)<br>-број на часови: 3 | • Учениците се делат во пет групи. Според нивните знаења и размислувања учениците во секоја група добиваат задача да објаснат за потеклото на светот и човекот. Првата група добива задача да одговори на прашањето како настанал светот, втората група зошто е создаден светот, третата група кој го создал човекот или како настанал човекот, четвртата група треба да објасни како настануваат природните појави како дожд, вулкански ерупции и сл. петтата група да опише како се чувствуваат кога се сами во природа, кои прашања си ги поставуваат. Секоја група ги презентира описите и се доаѓа до заклучоци дека човекот отсекогаш се прашувал за светот околу себе. Учениците откриваат дека покрај научните објаснувања кои постојат денес за настанокот на светот, природата и човекот, постојат и религиозни верувања. Учениците објаснуваат зошто религијата се развила како човекова потреба да си го објасни светот околу себе, да му дадат смисла, |

| | |
|---|---|
| | затоа што првобитниот човек не можел да ги разбере причините за природните појави како вулкани, земјотреси, дождови, и последиците од нив и создавал идеи за натприродни сили – божества кои раководат со овие процеси. |
| • Значењето на религијата (Соработка. Поврзаност наместо разединетост помеѓу луѓето. Човештво. Морал. Морални вредности и правила. Етика како јадро на секоја религија)<br>-број на часови: 3 | • Учениците се делат во две групи. Едната група истражува и бара примери од историјата со кои ќе покаже како религијата може да доведе до зближување на луѓето, соработка и помагање за надминување на различни потешкотии со кои се соочува поединецот, како и реализирање на општествените цели кои се од интерес за целата заедница. Втората група истражува и бара примери од историјата каде се гледа како злоупотреба на религијата може да доведе до судири и војни помеѓу луѓето, на пр. инквизицијате или крстоносните војни и на тој начин назадување на општеството во целина. Учениците откриваат и заклучуваат дека низ историјата, периодите во кои имало верска толеранција и поврзаност помеѓу луѓето се карактеризираат со просперитет, општествен напредок и зголемување на добросостојбата како на поединецот, така и општеството во целина. Учениците осознаваат дека моралните вредности за мир и хуманост, солидарност се дел од етиката во секоја религија. |

| **Тема 2: ПРВИТЕ РЕЛИГИОЗНИ ВЕРУВАЊА** |
|---|
| **Знаење/вештини** |
| • Може да ги идентификува првите верувања и забрани што се појавуваат кај луѓето<br>• Може да опише како настанале првите верувања<br>• Ја разбира смислата и значењето на забраните и табуата<br>• Разбира како можат да бидат прекршени забраните<br>• Умее да размислува за значењето на митовите<br>• Разбира како настанале митовите и митолошките суштества<br>• Прави разлика помеѓу митовите и бајките<br>• Има познавања за бајките, митовите и религијата<br>• Прави разлика помеѓу видовите митови и различни митологии од светот |
| **Ставови/вредности** |
| • Разбира како настанале првите верувања и забрани кај луѓето<br>• Прифаќа дека мора да постојат одредени забрани<br>• Има критички став кон прекршувањето на одредени забрани и постоење на одредени табуа<br>• Ја прифаќа важноста на митовите и бајките за културите на старите народи<br>•Има критички став кон настаните од митовите и бајките<br>•Разбира дека митовите и бајките имаат поучна етичка порака и го почитува доброто и го осудува злото<br>• Разбира дека секоја етничка заедница или географска целина има своја митологија |

| Содржини (и поими) и број на часови | Примери за активности |
|---|---|
| • Анимизам, тотемизам и табу<br>(Душа. Тотем. Табу-забрана.)<br>број на часови: 3 | • Учениците се делат во групи во кои ќе изработуваат тотемско животно  или предмет, а потоа во секоја група ќе истражуваат за избраното тотемско животно или предмет и ќе го поврзуваат со некои обележја во современите народи кои водат потекло уште од првобитните верувања (на пр. змеј, орел, сонце и сл.) Секоја група ги презентира обележјата на своето ,, тотемско племе,, , зошто го одбрале тој тотем, какво значење има за нив, што смеат и што не смеат да прават во ,, племето,, односно какви табуа постојат помеѓу членовите на нивната група. Учениците заклучуваат дека тоа што во тотемизмот било табу денес во современите општества се регулира со закони и правила кои не смее да се прекршуваат како што во минатото не смеело да се прекрши табуто. |
| • Митологија и големите светски митови<br>(Бајка. Мит. Религија. Митови за настанокот  на светот и природата. Митолошки суштества)<br>број на часови: 3 | • Учениците се поттикнуваат да ја истакнат својата омилена бајка и зошто токму таа ја избрале, односно на што добро ги подучуваат бајките. Учениците треба да се запознаат со некои  од значајните светски митови. Учениците поделени во групи прибираат различни податоци  и информации за митовите на различните народи, а потоа на часот секоја група ги претставува сознанијата до кои дошла. Прават Венов дијаграм за сличности и разлики во митовите и бајките. На крајот дискутираат за поврзаноста на митовите, нивната сличност, пораката што ја носат и сл. Бараат сличности и разлики помеѓу мит и бајка.  Учениците презентираат и дискутираат за значењето на некој одреден мит, како и на митологијата воопшто. Прават ликовен приказ на некој лик од митовите или бајките. |

| Тема 3: **ГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ** | |
|---|---|
| **Знаење/вештини** | |
| • Може да ги идентификува основните идеи на јудаизмот<br>• Умее да ја разбере поврзаноста на настаните од Стариот Завет со стварната историја на еврејскиот народ<br>•Прави разлика меѓу настаните опишани во Стариот Завет и вистинските реални настани од историјата на еврејскиот народ<br>• Сфаќа дека описите од Стариот Завет имаат метафоричка природа<br>• Разбира како јудазимот е основата на останатите монотеистички религии-христијанството и исламот<br>• Умее да ги опише основните идеи, вредности и верувања на христијанството<br>• Може да ги опише околностите во кои се родил и живеел Исус Христос<br>• Разбира како христијанството содржи продолжување на некои идеи од Стариот Завет<br>• Ја разбира разликата и сличноста меѓу јудаизмот и христијанството<br>• Има познавања за развојот на Христовото учење после неговото распетие<br>• Знае да ги идентификува историските и општествените прилики пред појавата на исламот<br>• Може да го опише животот на Мухамед<br>• Умее да ги опише основните морални вредности на исламот и неговите пет столба на верата | |
| **Ставови/вредности** | |
| •Го почитува јудаизмот како посебна религија со свои особености и идеи<br>•Разбира како настаните од Стариот Завет се поврзани со стварната историја на еврејскиот народ<br>• Има критички став кон настаните опишани во Стариот Завет како настани кои имаат метафоричка природа<br>•Разбира дека јудаизмот е основата на останатите монотеистички религии-христијанството и исламот<br>•Го почитува христијанството како посебна религија со свои идеи и учења<br>•Прифаќа дека Исус Христос имал исклучителни лични карактеристики и невообичаен животен пат<br>•Разбира дека христијанството содржи продолжување на некои идеи од Стариот Завет<br>• Ја прифаќа важноста и влијанието на Христовото учење и после неговото распетие<br>• Разбира како историските и општествените прилики во критичниот период имале влијание врз појавата на исламот<br>•Ја прифаќа важноста на Мухамед како централната фигура во исламската религија<br>•Го почитува исламот како посебна религија со свои вредности и особености<br>•Разбира дека учењата од Коранот се мирољубиви, хумани и се основата на муслиманската вера | |
| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери за активности** |
| • **Јудаизам**<br>(Завет/спогодба. Создавањето на светот. Адам и Ева. Мојсеј. Петокнижието-Тора. Божјите закони-Декалогот. Соломоновиот храм. Менора. Давидова ѕвезда. Синагога. Рош Хашанах. Ханука)<br>број на часови: 6 | • Учениците на час ја читаат Библиската приказна за настанокот на светот од читаат делови од Стариот Завет-Тора. Потоа учениците поделени во групи добиваат задача преку стрип техника да го прикажат создавањето на светот според Библиската приказна. Потоа ги презентира секоја група цртежите кои ги поврзале во приказна.<br>• Учениците добиваат задача да побараат од Десетте божји заповеди која заповед би ја истакнале и зошто? Дебатираат на тема дали човекот во денешно време живее во соласност со повеќето заповеди како : Не лажи, Не кради, Не убивај, Почитувај ги родителите и сл. Дискутираат за поврзаноста на Десетте божји заповеди со законите денес, односно кои заповеди се преточени во |

| | |
|---|---|
| | закони или правила во современите општества. Добиваат домашна задача да состават есеј на тема ,, Кои заповеди овозможуваат животот на луѓето во заедницата да се одвива во меѓусебно почитување".<br>• Учениците поделени во групи прикажуваат илустративно одбран обичај од еврејските празници и потоа дискутираат за тоа. Секоја група добива материјали од наставникот и насоки во кои ќе се одвива претставувањето. Првата група да ги прикаже празникот Песах и Шевуот, втората група ги открива обичаите за Рош Хашана и Јом Кипур, третата група за Ханука и Пурим и четвртата за Сукот и Шеват. Учениците ги прикажуваат и објаснуваат празниците според изработените илустрации и откриваат нови особености на еврејската култура и традиција како дел од културата на македонското општество. |
| • **Христијанство**<br>(Ѕвездата над Витлеем. Тројцата мудреци. Апостолите. Исусовата беседа на Гората. Исусовите чуда. Распетиета и воскреснувањето. Библија. Нов Завет. Евангелија. Риба. Крст. Гулаб. Црква.Божиќ. Велигден)<br>број на часови: 6 | • Учениците поделени во групи добиваат задача да откријат делови за животот на Исус Христос како вистинска историска личност. Учениците се делат во четири групи и добиваат задача да направат драматизација на раѓањето на Исус Христос според претходно дадени монолози адаптирани од наставникот. Првата група ги драматизира околностите кога и како е роден Исус (мајката Марија, таткото Јосиф, тројцата мудреци, царот Ирод). Втората група го драматизира Исус со апостолите кога ја кажува беседата на Гората. Третата група го драматизира првото Исусово чудо, Свадбата во Кана. Четвртата група ја драматизира Тајната вечера и етичките поуки на Исус и апостолите за љубов и помирување. Преку драматизациите кои ќе ги подготвуваат и изведат на часовите, учениците ќе откриваат и објаснуваат за животот на Исус и христијанското учење.<br>• Учениците се делат во две групи и дебатираат за оправданоста на старозаветните барања за освета-возвраќање со иста мера наспроти учењето и залагањето на Исус Христос секогаш човекот да делува со љубов и толеранција. Даваат примери  и аргументираат за примената на едното и другото начело и последиците од истите и донесуваат заклучоци за оправданоста на етичката порака за простување и толеранција.<br>• Учениците се делат во групи. Секоја група добива задача да избере еден симбол на христијанството, графички да го претстави и да дискутира за потеклото на неговата поврзаност со христијанството. Учениците откриваат во кои историски периоди одредени симболи најмногу се застапени и што тие означуваат. |
| • **Ислам**<br>(Мухамед. Мека. Хиџра. Медина. Коран. Каба и Црниот камен.  Петте столба на исламот. Полумесечина. Рамазан Бајрам. Курбан Бајрам. Џамија)<br>број на часови: 6 | • Учениците се делат во пет групи. Секоја група добива задача да истражува за по една заповед-столб во исламот. Првата група добива материјал според кој ќе истражува за првиот столб наречен Сведочење, втората група за втората заповед-Молитвата, третата група за третата заповед-Милосрдието, четвртата група да истражи за четвртиот столб-Постот, а петтата за Аџилакот (Хаџ). Потоа секоја група ги презентира своите изработки и на крајот дискутираат за значењето на секоја заповед, а особено за Милосрдието (зекат) |

| | |
|---|---|
| | односно должноста на секој муслиман да им помага на сиромашните, старите и болните. Сите муслимани се должни да ги почитуваат овие заеднички основни заповеди, кои уште се нарекуваат Пет столба на исламот. Тука се истакнува заедништвото на припадниците на муслиманската вероисповест. |

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 4: .УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА (ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Знаење/вештини</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Сфаќа дека е потребно да се одвои световното (земското) од светото (сакралното) и ја разбира разликата помеѓу световното и светото<br>• Може да опише како дошло до раздвојувањето на црквата од државата за време на Француската револуција  од 1789 година и разбира дека тоа е првиот значаен секуларистички чин<br>• Знае дека во 1967 година дошло до повторно стекнување на автокефалноста на МПЦ<br>•Има познавања за денешниот однос помеѓу различните верски заедници во РМ и македонската држава</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности</td></tr>
<tr><td colspan="2">•Прифаќа дека е потребно да се одвои световното (земското) од светото (сакралното)<br>•Разбира дека раздвојувањето на црквата од државата за време на Француската револуција  од 1789 година е првиот значаен секуларистички чин<br>•Има позитивен став кон повторното стекнување на автокефалноста на МПЦ во 1967 година<br>•го разбира денешниот однос помеѓу различните верски заедници во РМ и македонската држава</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими) и број на часови</td><td>Примери за активности</td></tr>
<tr><td>Процесот на одделување на верските институции од државата<br>(Поим за одделување на верските институции од државата. Свето. Световно. Верски институции)<br>број на часови: 2</td><td>• Учениците се делат во две групи. Првата група истражува за поимот “свето“, а втората за “световно“. Учениците од првата група го презентираат своето истражување што се може да се подведе под “свето“, на пример свети места, свети личности, свети книги и друго кое има религиозно доживување. Втората група открива дека световното е наспроти светото, тоа што е земско и не му се продава надприродна моќ, на пример државата, институциите на државата, државната власт и слично. Учениците заклучуваат дека покрај “светото“ постои и “световно“, дека тие се различни и треба да функционираат независно, како и дека треба да постои одвојување на религиозните заедници од државната власт.</td></tr>
<tr><td>Соработка и поврзаност помеѓу религиозните заедници во нашата држава</td><td>• Учениците се делат во четири групи. Првата група истражува за потеклото и значењето на македонската православна црква-Охридска архиепископија. Втората група истражува за исламската верска заедница во Македонија. Третата група истражува за</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **(**Македонска православна црква-Охридска архиепископија. Самостојност. Исламска верска заедница. Еврејска заедница и други верски заедници. Толеранција и мир)<br>број на часови: 2 | еврејската заедница во Македонија. Четвртата група истражува за римокатоличката и протестантската црква во Македонија. Донесуваат заклучоци за меѓуверска соработка и толеранција како основа за мирен живот и просперитет на луѓето и општеството. Сфаќаат дека религиозните заедници треба да имаат соработка со државната власт но се независни од неа.<br>• Учениците драматизираат животен пат и дело на одредени поважни историски личности поврзани со одредена религија, а се пример за соработка и миро љубивост (Мајка Тереза, Св. Климент Охридски, Малала Јусуфзаи и др.) |